МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 148 став (5) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија" бр.140/10, 53/11 и 55/12), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА НА СТРУЧНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ЗАШТИТЕНИ ОЗНАКИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на работа на Стручната комисија за спроведување на постапка за регистрирање на заштитени ознаки на земјоделски и прехранбени производи. (во понатамошниот текст: Комисија).

## Член 2

(1) Со работата на Комисијата раководи претседател кој го именува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство од редовите на постојаните членови.

(2) Кога претседателот е спречен да присуствува на седницата на Комисијата, со неа раководи еден од постојаните членови што тој ќе го овласти.

## Член 3

(1) Комисијата работи на седници кои ги свикува претседателот на Комисијата со писмена или електронска покана до членовите на Комисијата, во која е содржан дневниот ред кој се предлага.

(2) По исклучок, претседателот на Комисијата може да закаже седница и со усна покана до членовите на Комисијата кога тоа го бара итноста за одлучување по некое прашање.

### Член 4

Членовите на Комисијата расправаат и одлучуваат по однос на прашања кои се ставени на дневниот ред, даваат предлози за дополнување на дневниот ред и предлагаат одлуки односно заклучоци кои сметаат дека треба да се донесат.

### Член 5

(1) За работата на седницата се води записник. Записникот го води записничар под раководство на претседателот на Комисијата.

(2) Записникот особено содржи:

- број на присутни и отсутни членови на Комисијата;

- датум на одржување, време на започнување и време на завршување на седницата;

- главната содржина на дискусиите;

- предлог одлуки, одлуки и усвоени стручни мислења;

- други одлуки и заклучоци усвоени на седницата кои произлегуваат од дневниот ред и

- начин на кој се донесени одлуките.

(3) Записникот го потпишува записничарот и претседателот на Комисијата.

### Член 6

(1) Комисијата во својата работа треба да се придржува кон законите и другите прописи од областа на земјоделството.

(2) Претседателот на Комисијата кога ќе утврди дека Комисијата при својата работа донела одлука што е во спротивност со закон и друг пропис, ќе го запре извршувањето на одлуката на Комисијата за што во рок од три дена го известува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 7**

Комисијата полноважно расправа и одлучува на седници во присуство на најмалку четири члена со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.11-11030/5 Министер за земјоделство,

28 ноември 2012 година шумарство и водостопанство,

Скопје Љупчо Димовски, с.